7-V-1962

## Откриена спомен-биста на Коста Кусаковски во Подмочани, Ресенско

Подмочани, Ресенско, мај

Во чест на празникот на трудот Први мај, во село Подмочани е откриена биста на првоборецот од ова село Коста Кусакоски, кој пред дваесет години како младинец беше убиен на ѕверски начин од италијанските фашистички окупатори.

Бистата ја откри неговиот најблизок другар и соработник Јордан Наумовски — Колчо во присуство на голем број селани сд Подмочани и блиските села, како и голем број негови соборци и другари.

**Ѓорѓиевски Ѓорѓи**

